РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби



# ВОДИЧ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## - ПРЕМИН ОД ОДДЕЛЕНСКА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

Скопје | Јули 2018 г.

**Наслов:**

ВОДИЧ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕМИН ОД ОДДЕЛЕНСКА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА


**Автори**:

1. Јованка Симоновска, професор по одделенска настава во ООУ „Владо Тасевски“ - Скопје
2. Елида Мелова, професор по англиски јазик  во ООУ „Љубен Лапе“ – Скопје
3. Жаклина Пеева, професор по математика во ООУ „Коле Канински“ – Битола



**Лектура:** Гордана Ацеска
**Дизајн:** Тодор Трајковски

Изработката на водичот е овозможена со финансиска поддршка на Канцеларијата на Уницеф, Скопје, а во рамките на проектот *„Expanding opportunities for social inclusion and enhance the quality of life of children with disabilities by empowering their parents and families“.*

Ставовите изнесени во овој водич се на авторот и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.

# ВОДИЧ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## – ПРЕМИН ОД ОДДЕЛЕНСКА ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

# Содржина:

1. Вовед ..... 5
2. Период на премин од петто во шесто одделение ..... 7
   2.1. Улогата на одделенските раководители во петто и шесто одделение ..... 7
   2.2. Важноста на соработката на сите предметни наставници со одделенскиот раководител и меѓу себе ..... 8
   2.3. Улогата на училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим на ученикот ..... 9
   2.4. Индивидуален образовен план (ИОП) за ученици со посебни образовни потреби ..... 10
   2.5. Поддршка за инклузивна акција во училиштата ..... 11
3. Технички аспекти на организирањето на наставата за децата со посебни образовни потреби ..... 12
   3.1. Влијанието на менувањето на смени во периодот на премин од петто во шесто одделение ..... 12
   3.2. Приспособување на просторот во училиштето и означеност ..... 12
   3.3. Приспособување на условите во училниците и кабинетите ..... 13
   3.4. Меѓуврсничка поддршка ..... 14
4. Пристапи што помагаат во приспособувањето на наставата кон потребите на учениците ..... 15
5. Развивање социјални вештини и морални и етички вредности кај учениците ..... 19
6. Препораки за наставниците што работат со ученици со посебни образовни потреби ..... 22
7. Соработка со родителите ..... 24
   7.1. Начин на комуникација со родителите ..... 24
   7.2. Информации што ќе ги побараме од родителите ..... 25
   7.3. Информации што ќе им ги даваме на родителите ..... 26
8. Подготовка на учениците со посебни образовни потреби за средно образование и изнаоѓање соодветни насоки за продолжувањето на образованието ..... 27
9. Позитивни примери од премин меѓу петто и шесто одделение ..... 28
10. Заклучок ..... 31

# 1. Вовед

*„Дојдов до застрашувачки заклучок дека јас сум оној одлучувачки фактор во училницата. Мојот личен пристап ја создава атмосферата во училницата. Моето дневно расположение го одредува времето. Како учител, јас имам огромна моќ да го направам детскиот живот беден или радосен. Можам да бидам направа за мачење или инструмент на инспирација. Можам да понижам, да орасположам, да повредам или да излекувам. Во сите ситуации, мојот одговор одлучува дали кризата ќе ескалира или не, дали детето ќе се хуманизира или не“*[1]

*Хаим Гинот,*

израелски наставник, психолог и психотерапевт

Училиштето како социјална средина треба да претставува амбиент погоден за учење и живот, средина отворена кон заедницата и во која учењето е составен дел од животот. Инклузијата во образованието подразбира создавање училишта што ги задоволуваат потребите на сите ученици, односно во фокусот на инклузијата е неопходноста од приспособување на училиштата кон образовните потреби на ученикот (Bartolo, 2004)[2]. Така изградените училишта ги земаат предвид различностите и придонесуваат секоја индивидуа да се развива како личност.

Од нашето искуство како наставници знаеме дека учењето е најефикасно во средина што има добри интерперсонални односи и интеракции, кога ученикот се чувствува уважен, почитуван и признат (Lamberti McCombs, 1998: 9)[3]. Тоа значи дека училиштата треба да се развиваат на начин што ќе одговара на образовните и социјалните потреби на секој ученик и да се оформат во место каде што секој ученик припаѓа, каде што е прифатен и поддржан од соучениците и од сите други членови на училишната заедница (Steinbacki Steinback, 1990, според Bartolo, 2004). Меѓутоа, како што тврди Сли, услов за остварување инклузија е културна реконструкција на училишниот систем (Slee, 1999, според Armstrong, 2003)[4] , притоа мислејќи на реконструкција на постојната култура, образовните политики и образовните практики, така што тие да одговараат на учениците со посебни потреби.

Во последните неколку години во нашата земја многу се работи на инклузијата во сите сфери на животот, вклучувајќи го и образованието. Работата со деца со посебни образовни потреби бара многу желба, време и подготовка. Неопходна е соработка на целиот училиштен инклузивен тим во училиштето, сите наставници, ученици и родители. Преминот кон повисоките одделенија носи нови промени за ученикот со посебни потреби: некаде тие промени бараат друг тип одговор, друг пристап во учењето, вклучување нови методи.

1 “I’ve come to a frightening conclusion that I am the decisive element in the classroom. It’s my personal approach that creates the climate. It’s my daily mood that makes the weather. As a teacher, I possess a tremendous power to make a child’s life miserable or joyous. I can be a tool of torture or an instrument of inspiration. I can humiliate or heal. In all situations, it is my response that decides whether a crisis will be escalated or de-escalated and a child humanized or dehumanized.”, Haim G. Ginott

2 Bartolo, P. (2004). Recent developments in inclusive education in Malta. Mediterranean Journal of Educational Studies, Vol.6(2), 65-91

3 Lambert, N., McCombs, B. (1998). Introduction: Learner-Centered Schools and Classrooms as a Direction for Schooll Reform. V N.Lambert, B.McCombs (ur.). How Students Learn, Reforming Schools Through Learner-Centered Education. Washington, D.C.: American Psychological Association, 1-23

4 Armstrong, F. (2003): Spaced out: Policy, Difference and the Challenge of Inclusive Education. Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.

Освен изработката на индивидуалните образовни планови, понекогаш е неопходна и дополнителна интервенција на просторот во кој се изведува наставата, начинот на кој го подучуваме ученикот, пристапот при поучувањето, а секако, вклучува и работа со учениците при развивање на нивните социјални вештини, како и на нивните морални и етички вредности. Неоспорна е и важноста на воспоставувањето добра соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби.

Овој прирачник можеби ќе успее да ви даде дополнителни одговори на тоа како полесно да пристапите кон поучувањето, како да ја приспособите наставата кон сите ученици, кој е најдобриот начин да им пристапите на родителите на ученикот, како да ги активирате соучениците.

Напишан од наставници со искуство во работа во инклузивни училишта и родители на деца со посебни образовни потреби, се надеваме дека ќе ви биде корисна алатка на која често ќе се навраќате.

**И не заборавајте – можеби вашите ученици нема да запомнат сè што сте ги научиле, но секако ќе запомнат како се чувствувале додека сте ги поучувале.**



# 2. Период на премин од петто во шесто одделение

*Најдобрите и најубавите работи во животот не се оние што можеме да ги видиме или да ги допреме – тие мора да бидат почувствувани во срцето*[5]

*Хелен Келер*

Преминот од петто во шесто одделение, од одделенска во предметна настава, може да биде стресен и фрустрирачки за учениците, затоа што се наоѓаат во ситуација да се приспособат кон новите услови – промена на смени, кабинети, предмети и наставници. Во овој период некои ученици, особено учениците со посебни образовни потреби, имаат потреба од дополнителна поддршка и помош во процесот на приспособување.

За тоа е потребно да се обезбеди повеќе време и соработка на сите вклучени во тој процес – одделенскиот раководител во шесто одделение, одделенскиот наставник до петто одделение, сите други наставници што му предаваат на ученикот, родителите на ученикот и стручните соработници во училиштето.

Процесот на приспособување при преминот од петто во шесто одделение е добро да започне порано, на пример, пред крајот на второто полугодие од петто одделение (мај – јуни), при што учениците ќе се запознаат со предметните наставници што ќе им предаваат идната учебна година и просториите во кои ќе се одвива наставата (доколку се работи за кабинетска настава). Најсоодветно би било ова да го направи наставникот што предавал до петто одделение, со оглед на тоа што учениците, особено оние со посебни потреби, се особено приврзани кон својот одделенски наставник, со него поминале подолг временски период и веќе имаат воспоставено одреден начин на комуникација, заемна соработка и доверба.

Запознавањето со новите наставници и просториите во кои ќе се одвива наставата е добро да се одвива во релаксирана атмосфера, постепено и на разни начини (предметните наставници можат да бидат гости во паралелките од петто одделение и да се претстават пред учениците, учениците можат да бидат гости на часовите на предметните наставници, да имаат заеднички вонаставни активности итн.)

## 2.1. Улогата на одделенските раководители во петто и шесто одделение

Тешкотиите со кои се соочуваат учениците со посебни потреби најчесто се детектираат уште во почетните одделенија од основното образование, па така одделенскиот наставник е тој што најпрво учествува во идентификацијата на тешкотиите, но и на јаките страни на ученикот во различни подрачја и, врз основа на таа идентификација, се

5 „The best and most beautiful things in the world cannot be seen or even touched - They must be felt with the heart." Helen Keller

обидува да ги приспособи наставата, средината и приодот на најдобар можен начин кон потребите на ученикот.

Одделенскиот наставник е тој што пет години го води ученикот низ воспитно-образовниот процес. Тој заедно со инклузивниот тим за ученикот ја планира наставата за него изготвувајќи индивидуален образовен план, применува наставни форми, методи, средства и активности приспособени кон потребите на ученикот и го следи неговиот напредок и постигнувања. Многу е важно во портфолиото што го води наставникот за ученикот да се сместени сите важни информации што се однесуваат на ученикот и на неговиот напредок добиени и од родителите и од одделенскиот наставник и од другите наставници вклучени во одделенска настава (англиски јазик, техничко образование, природни науки), затоа што тие понатаму ќе им послужат при приспособувањето кон наставата на сите други наставници што ќе му предаваат.

Со оглед на тоа што одделенскиот наставник до петто одделение бил во најголема мера оној што во училиштето поминувал најмногу време со ученикот, му давал поддршка и се грижел за него, се очекува токму тој да го запознае ученикот со неговиот одделенски раководител во шесто одделение и да го овозможи првиот контакт со родителите на ученикот. Средбата со родителите овозможува да се развие поврзаност и заемна доверба на сите што се грижат за ученикот, како и да се добијат дополнителни информации што се однесуваат на ученикот.

Добро е соработката на одделенскиот наставник што му бил на ученикот до петто одделение и одделенскиот раководител во шесто одделение да продолжи и понатаму, особено во периодот на адаптација на ученикот.

Ученичкото портфолио, што го водел одделенскиот наставник до петто одделение за ученикот, му го предава на одделенскиот раководител во шесто одделение, кој би требало да се грижи тоа да се пополнува до крајот на школувањето во тоа училиште.

Одделенскиот раководител е оној што мора постојано да комуницира со сите членови на инклузивниот тим за ученикот за методите, техниките и стратегиите што ќе ги применуваат на своите часови, за нивната успешност или потреба од нивно менување, како и за напредокот на ученикот.

## 2.2. Важноста на соработката на сите предметни наставници со одделенскиот раководител и меѓу себе

Соработката на сите предметни наставници со одделенскиот раководител, но и меѓусебната соработка на наставниците се од исклучителна важност. Предметите многу често се преплетуваат и имаат слични или поврзани содржини, па познавањето на можностите и способностите на ученикот, начинот на учење, користењето методи што веќе се покажале како успешни, водат и до успешно постигнување на поставените цели.

Пред почетокот на учебната година, корисно е и потребно да се одржи средба на одделенскиот наставник до петто одделение, одделенскиот раководител во шесто одделение, предметните наставници и родителите на ученикот, односно да се формира инклузивен тим за ученикот. На оваа средба се врши размена на информации за состојбата, знаењата, вештините и можностите на ученикот со кои тој дотогаш се стекнал, како и планирање на идните активности за стекнување вештини и знаења на кои ќе се работи понатаму. Она што е уште поважно е можноста на оваа средба одделенскиот наставник да ги запознае предметните наставници со карактеристиките на самиот ученик – како

тој реагира во одредени ситуации, со кого најмногу се дружи во одделението, што го вознемирува, а што го радува, што е тоа што го мотивира итн.

Во текот на првиот еден и пол месец, секој предметен наставник го следи ученикот и води белешки за тоа како се приспособил, кои знаења и вештини ги поседува или ги достигнал. Врз основа на добиените сознанија од набљудувања, спроведени дијагностички тестови со кои се проверува знаењето на ученикот, информации добиени од одделенскиот наставник, родителите и стручните соработници, инклузивниот тим за ученикот констатира за кои наставни предмети има потреба да се изготви ИОП, кој го изготвува секој предметен наставник за својот предмет, во соработка со членовите на инклузивниот тим за ученикот.

Притоа секој наставник одделно проценува кои начини и методи на работа ќе ги применува во наставата за својот предмет и како ќе ги приспособува условите и ресурсите кон потребите на конкретниот ученик. Добро е искуствата добиени при работата со ученикот секој наставник постојано да ги споделува со другите наставници што се членови на тимот за да можат тие да се искористат при планирањето на наредните активности.

## 2.3. Улогата на училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим на ученикот

Еден од условите за успешна инклузија е обезбедување тимски приод при решавањето на проблемите и задоволувањето на потребите на учениците во училиштето. Така, поддршката при спроведувањето на инклузивните процеси во училиштата е предвидено да биде обезбедена од страна на Училишниот инклузивен тим (УИТ) и од Инклузивниот тим за ученикот (ИТУ).[6]

***Училишниот инклузивен тим*** го сочинуваат: директорот, педагогот, психологот, дефектологот, наставниците и родителот. Овој тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, односно раководи и ги спроведува сите инклузивни процеси во училиштето, соработува со сите наставници што се вклучени во образовниот процес на учениците, со цел да се најдат оптимални решенија за сите тешкотии и предизвици со кои може да се соочат учениците со посебни образовни потреби, но и сите други ученици. УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата. Ефикасноста на инклузивноста во едно училиште зависи и од ефикасното воспоставување и имплементација на процедурите, но и од дисеминација на воспоставените процедури. Сите вработени во училиштето треба да бидат запознати со информациите за начинот на работење на УИТ што се релевантни за нив, со што ќе се подобри успехот на инклузивните процеси.

Бројноста и составот на УИТ зависи од големина на училиштето, од бројот на учениците и од внатрешната организација во училиштето.

***Инклузивниот тим за ученикот*** е составен од: одделенскиот раководител, од сите наставници што му предаваат на ученикот, педагогот, психологот, дефектологот и родителите/старателите на ученикот. Во фокусот на својата работа ИТУ ги има конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на нивните ИОП-и, што значи дека за секој ученик со посебни образовни потреби се формира инклузивен тим што се грижи и работи со тој ученик. Мора да се напомене дека не може да постои вистински напредок

6 https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/Vodic_za_rabota_na_UIT-WEB(1).pdf

на ученикот без добра соработка на сите вклучени во инклузивниот тим, без средби на регуларна основа, без размена на сите информации релевантни за состојбата или евентуалните проблеми што може да настанат во текот на наставата, а се врзани со ученикот со посебни образовни потреби, неговото одделение, родителите и друго.

**Училишен инклузивен тим**

- ✓ директор
- ✓ педагог
- ✓ психолог
- ✓ дефектолог
- ✓ наставници
- ✓ родител/старател на ученикот

**Инклузивен тим за ученикот**

- ✓ одделенски раководител на ученикот
- ✓ наставници на ученикот
- ✓ педагогот
- ✓ психологот
- ✓ дефектолог
- ✓ родители/старатели на ученикот
- ✓ родител/старател на ученикот

## 2.4. Индивидуален образовен план (ИОП) за ученици со посебни образовни потреби

Инклузивниот тим за ученикот, врз основа на иницијалната процена на знаењата, вештините и способностите и идентификацијата на јаките страни и потребите за поддршка, проценува за кои предмети е потребно да се изготви приспособување на целите, наставните методи и активности, односно да се изготви индивидуален образовен план.

Индивидуалниот образовен план претставува:

- писмен документ подготвен за конкретен ученик
- планирање со кое точно се определуваат целите што треба да ги постигне ученикот во текот на одреден временски период, како и стратегиите за учење, ресурсите и поддршката неопходни за да се постигнат тие цели.

Предметните наставници, во соработка со инклузивниот тим за ученикот, изработуваат ваков вид планирање за својот предмет и сите планирања од различни предмети сочинуваат еден писмен документ – ИОП, во кој се планира дополнителна поддршка во образованието и воспитувањето на ученикот.

Се препорачува ИОП да содржи:

- Опис на општата состојбата на ученикот
- Опис на функционалности (можности, силни страни, интереси, афинитети) и потреби на ученикот
- Цели, активности и исходи
- Стратегија (методи, форми, активности, пристап)
- Ресурси
- Следење и оценување
- Временска рамка

Со овој вид планирање може да се предвиди усвојување на евентуално помал број содржини и на различно ниво на сложеност, приспособување на нивното пренесување на јасен,

разбирлив и едноставен јазик, како и нивно поврзување со секојдневниот живот на ученикот и нивната примена, начинот на следење на постигнувањата на ученикот и оценувањето што мора да се базира врз постигнувањето на индивидуално поставените цели, а не врз степенот на успешност споредено со другите ученици.

## 2.5. Поддршка за инклузивна акција во училиштата

Како дел од поддршката на училиштата во работата со учениците со посебни потреби претставува вклучувањето асистенти во наставата, кои всушност овозможуваат поддршка на конкретен ученик во текот на наставниот процес.

Поддршката на учениците со посебни потреби преку вклучување на нивни асистенти во многу земји во светот е интегрален дел од училиштата.

Според истражувањата во земји каде што веќе функционира оваа поддршка на институционално ниво, се покажало дека учениците со посебни образовни потреби најчесто добро ги прифаќаат асистентите. Тие ги доживуваат како свои пријатели што им помагаат во совладувањето на наставните содржини, но и во дружењето со нивните врсници. Ваквата поддршка довела до позитивни промени – учениците покажувале подобри резултати во совладување на наставните цели, се зголемила фреквенцијата на посакувани форми на однесување и се намалила фреквенцијата на несакани форми на однесување на децата со посебни потреби.

Во моменталните услови, независно од тоа дали родителот е асистент или родителите самостојно ангажирале асистент, или има доделен асистент, **таа поддршка е од исклучителна важност и за ученикот, но и за наставниците.** Секако, квалитетот на меѓусебната соработка (наставник – асистент), ќе зависи од нивните вештини на комуникација, разбирање, договарање, слушање и од нивните организациски способности.

Имајте предвид дека асистентите се присутни да ПОМОГНАТ да го спроведете образовниот процес, но самиот образовен процес е ВАША обврска.



# 3. Технички аспекти на организирањето на наставата за децата со посебни образовни потреби

*Ако секое дете ни е важно, секое дете има право на добар почеток на животот. Ако секое дете ни е важно, секое дете има право да биде вклучено. И токму тоа е најважната работа за децата со посебни потреби.*[7]

*Чери Блер*

## 3.1. Влијанието на менувањето на смени во периодот на премин од петто во шесто одделение

Преминот од петто во шесто одделение освен што носи промена во однос на наставниците и просториите, во зависност од просторниот капацитет на училиштето и бројот на ученици, може да значи и менување на смените во кои се одвива наставата. Доколку наставата веќе се одвивала во смени (на една или две седмици), тогаш ученикот со посебни образовни потреби е веќе навикнат на промената. Но кога не се работи за таков случај, и оваа промена треба да се земе предвид, и во периодот на приспособување, но и во текот на преостанатите години од основното образование.

Кај некои ученици, поради тешкотии со концентрацијата или физичките можности, попладневната смена е едноставно потешка. Во ваков случај е особено важно наставниците доколку забележат замор, вознемиреност или голем пад на концентрација, да покажат разбирање и толеранција и да се договорат со родителот и инклузивниот тим на ученикот во однос на приспособувањето на распоредот на активности, времето на престој и ангажираноста на ученикот во текот на попладневната смена.

## 3.2. Приспособување на просторот во училиштето и означеност

Како што наведовме погоре, кабинетската настава (промена на училници за секој училиштен предмет) може да создаде конфузија кај ученикот со посебни образовни потреби. Промената на одделенскиот наставник, зголемувањето на бројот на наставници, „губењето“ на познатите услови од неговата училница – сето тоа се новини што кај некои ученици ја забавуваат адаптацијата. За да се избегнат во најголема мера стресот и конфузијата на почетокот од годината, најдобро е учениците уште во петто одделение веќе да бидат запо-

7 „If every child matters, every child has the right to a good start in life. If every child matters, every child has the right to be included. And that is so important for children with special needs," Cherie Blair

знаени со кабинетите во кои ќе им се одвива предметната настава. Освен тоа, ќе дојдат во контакт со предметните наставници етапно и адаптацијата ќе им биде полесна.

Од корист е, особено во предметна настава, ученикот со посебни потреби кај себе да има **сликовен распоред** на часови или **распоред на часови во боја**. Овој распоред може да биде истакнат и на определено место во училиштето. На пример, секој предмет може да има своја боја или сликовна ознака, а со истата боја или сликовна ознака да бидат означени кабинетите во кои се одвива наставата по тие предмети. На овој начин на ученикот му е овозможено брзо, лесно и според воспоставена рутина да се движи во просторот. На сличен начин можат да се означат и другите простории во училиштето, што ќе помогне при движењето и ориентацијата не само на учениците со посебни потреби туку и на сите други ученици, особено на првачињата.

Од друга страна, останувањето во иста училница е од особена важност за учениците што имаат физичка попреченост: ученици што се во количка, ученици што користат разни помагала за движење, ученици што имаат тешкотии со моториката и сл. Училиштето треба да се погрижи нивните паралелки да се стационираат во училници сместени во приземјето на училиштето, а наставниците да доаѓаат во нивните училници за да одржуваат настава. Секако при распределбата на кабинети и училници мора да се внимава тие да бидат лесно достапни и да имаат соодветен тоалет во близина. Исто така е битно да се елиминираат сите препреки што би го отежнувале движењето, како што се високите прагови и лизгавиот под, а да се поставаат елементи што го олеснуваат движењето, како што се пристапни рампи, држачи на ѕидовите од ходниците и др.

## 3.3. Приспособување на условите во училниците и кабинетите

При приспособувањето на условите во училниците и кабинетите треба да се внимава да има доволно простор за непречено движење на учениците, да се отстранат сите физички бариери и да се обезбеди просторот од непотребни, остри или опасни предмети и содржини.

Ученикот со посебни потреби би требало да седи <u>близу до наставникот и таблата</u>, односно близу до изворот на информации и до материјалите, најдобро <u>не</u> до извори на звук и светлина (прозорец и врата), со цел да се избегне губењето на вниманието и концентрацијата под влијание на надворешните дразби. Добро е ученикот најчесто да седи <u>на исто место</u>, особено доколку има изразена потреба од почитување на рутината и контролата.

Некои состојби на телесна попреченост носат и проблеми со долготрајно седење, па е неопходно да се обезбедат <u>посебни столови или рамки</u> за потпирање на правилен начин. Тие секако треба дополнително да се изработат.

Секако дека треба да се води сметка и за <u>приспособувањето на наставните материјали</u> во училницата. Така, на пример:

- напишаните постери, шеми и потсетници на ѕидовите треба да бидат лесно читливи и со покрупни букви,
- во кабинетот по хемија сите материјали со кои се изведуваат експерименти да бидат сместени на безбедно место и под контрола на наставникот,
- наставните материјали со кои треба да се користат учениците да бидат лесно достапни до нив, особено до ученикот со посебни потреби,
- доколку има потреба, слично на сликовниот распоред на часови, наставникот може да истакнува сликовен распоред на активности за тој час и слично.

## Простории за релаксирање

Во идеална ситуација, добро е во училиштето да има просторија каде што ученикот со попреченост, доколку се вознемири, да може накратко да се повлече и да ја надмине возбуденоста или вознемиреноста. Тоа би требало да биде обична пријатна просторија – место каде што учениците со посебни потреби ќе се почувствуваат сигурно, но и место каде што ќе можат да се релаксираат. Важно е да се напомене дека ученикот не смее да биде оставен сам во просторијата и дека во услови кога мора да ја користи (напнатост, вознемиреност, агресивни реакции), со него мора да биде некој возрасен (член на инклузивниот тим) што ќе му помогне да ги намали напнатоста и вознемиреноста.

## 3.4. Меѓуврсничка поддршка

Меѓуврсничката поддршка претставува активен процес на учење и стекнување академски и социјални вештини преку директна интеракција меѓу учениците.

Важно е да се напомене дека меѓуврсничката соработка им користи на сите ученици и дека кога учениците учат академски и социјални вештини едни од други, воедно се подобрува и нивната умешност за учење. На овој начин учениците со посебни образовни потреби имаат можност да учат според модел и да слушнат објаснувања за работите на свој јазик.

Ваквиот начин на поддршка и соработка овозможува развивање пријателства меѓу учениците, полесно разбирање на потребите на другиот и го олеснува преминот меѓу одделенијата. Затоа, корисно е освен за процесот на учење, меѓуврсничката поддршка да се практикува и во други активности што се одвиваат додека учениците се во училиштето.

✓ Доделете му на ученикот, доколку е потребно, **врсничка поддршка** и при движење и ориентација во просторот, вонnаставни активности, одмори меѓу часови, посети надвор од училиштето, излети, за играње надвор, присуство на собири и други настани надвор од училницата.

✓ Изберете **различни соученици** за да има можност ученикот да изгради пријателства и да не зависи премногу од еден ученик за поддршка.



# 4. Пристапи што помагаат во приспособувањето на наставата кон потребите на учениците

*Извонредноста е резултат на грижа, многу поголема отколку што други сметаат дека е мудро, ризикување многу повеќе отколку што сметаат дека е безбедно, сонување многу повеќе отколку што сметаат дека е практично и очекување многу повеќе отколку што сметаат дека е возможно*[8]

*Хауард Шулц*

Овозможувањето учество на сите ученици во наставниот процес значи приспособување на наставата кон потребите на учениците, особено кон потребите на учениците што се соочуваат со тешкотии. На тој начин му се овозможува напредок на секој ученик, што придонесува за поттикнување на мотивацијата, јакнење на самодовербата и намалување на емоционалната напнатост, особено кај учениците со посебни образовни потреби.

- *Диференцијација на наставата*

Диференцијацијата е приспособување на наставата и учењето кон потребите и можностите на учениците. Таа е процес со кој се планираат активностите во врска со целите од наставната програма, методите на учење и активностите на учење за да се задоволат потребите на секој ученик поединечно. Со неа обезбедуваме задачата да е соодветна на индивидуалните потреби на учениците, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Ова може да се постигне преку:

- Повеќе начини на претставување на информациите – графикони, симболи, гестови, видеоматеријали, модели, слики и звуци.
- Приспособување на темпото, нивото или стилот на предавање.
- Приспособување на обемот и тежината (сложеноста) на задачите, како и на времето за нивно извршување кон можностите на ученикот.
- Користење различни алатки, материјали и начини за вклучување на учениците во наставата.
- *Различни начини за пренесување на наученото во нови контексти, на пр., постери на кои се сумирани најважните поенти.*

- *Приспособување на поучувањето на различните стилови на учење и на интересите на ученикот*

8 *„Excellence is the result of caring more than others think is wise, risking more than others think is safe, dreaming more than others think is practical, and expecting more than others think is possible." Howard Schultz*

Децата учат на различни начини. ***Визуелниот тип*** ученик најефикасно учи кога го гледа тоа што го учи, додека ***аудитивниот*** тип ученик учи од вербална или од аудио-презентација. ***Тактилно-кинестетичкиот тип*** ученик најуспешно учи тогаш кога допира нешто додека прима информации или се движи, прави нешто (искуствено учење). Иако учениците до извесен степен можат да учат на сите овие начини, односно да ги комбинираат, некои поуспешно учат на еден од овие начини. Затоа е добро во наставата да бидат применети методи со кои ќе бидат застапени различни начини на презентирање на информациите.

Еден од најдобрите начини да го мотивирате ученикот да учи е да ги поврзете неговите интереси со содржините што се изучуваат, како и со применливоста на она што го учи во секојдневниот живот.

✓ Дозволете ученикот да направи избор со што ќе му се даде **автономија** и **контрола** во училницата.

На пример, ако учениците имаат задача да читаат книга, можете да ги охрабрите тие да изберат книга за читање, да одлучат на која задача ќе работат прво, да изберат место во училницата каде ќе учат, или да изберат врсник што ќе им помогне во учењето.

✓ Обидете се да градите **избор во училишните активности** секогаш кога е можно.

- *Вклучување на учениците во поставувањето на целите*

Учениците најдобро се однесуваат кога не се пасивни субјекти, туку чувствуваат дека активно учествуваат во учењето. Обидете се да ги вклучите учениците во поставување на целите за учење, со што ќе овозможите заедно да чекорите кон нивното постигнување. На тој начин учениците ќе бидат помотивирани за постигнување резултати и позадоволни од она што го постигнале.

- *Приспособување на задачите и активностите кон можностите на ученикот*

- За учениците со посебни образовни потреби понекогаш, зависно од нивните можности, се препорачува писмените задачи да се скратат во однос на задачите на другите ученици во паралелката, но тоа да не се прави нападно и да не се истакнуваат пред другите ограничувањата на ученикот за кого се прави скратување.

- Добро е да се менуваат задачите и активностите – прво полесна и поедноставна, па потешка и посложена, па потоа пак полесна и поедноставна, со цел да не опадне мотивацијата и да не се изгуби интересот.

- За ученикот е добро да се подготви претходно обликуван текст со основните информации што треба да ги научи, напишан читко, со поголеми букви, со истакнати (затемнети) зборови (имиња, поими) што се клучни.

- Корисно е да се обезбеди дополнително време за извршување на задачите, пократки етапи во работата, доволно време за повторување на наученото и структурирање во помали логички целини.

- *Користење на аудиовизуелни средства, компјутер во наставата и асистивна технологија*

Современата настава бара користење на аудиовизуелни средства и компјутер во наставата, особено во случаи кога се присутни перцептивно-моторички пречки кај учениците што го отежнуваат слушањето, гледањето или пишувањето. Поради тоа се препорачува употреба на специјализирани дидактички алатки и програми и користење асистивна технологија, во училиштата во кои ја има, за учење и работа со учениците со посебни потреби, но и за адаптирање на дидактичките помагала и материјали, текстовите, сликите и апликациите според можностите и способностите на ученикот.

- *Вклучување на учениците во групна работа*

Групната работа во наставата овозможува учениците да учат едни од други во услови што се блиски на условите во секојдневниот живот. Ваквиот начин на работа има двојна улога, особено за учениците со посебни потреби – покрај поддршка во учењето, овозможува и поддршка во процесот на социјализација, при што учениците се оспособуваат за одговорност и меѓусебно помагање. Групната работа овозможува на одреден начин да ги поврзете можностите, способностите и талентите на учениците. Ученик што има тешкотија од еден аспект на предметот, може да е одличен од друг аспект. Групирајте ги учениците на тој начин што ќе можат да ги покажат своите способности, но и истовремено да учат од своите врсници. Внимавајте на социјалната динамика на групата. На децата со посебни образовни потреби од помош ќе им бидат учениците што се љубезни, трпеливи и полни со разбирање.

Секогаш кога наставникот формира групи во училницата, може да додели улога на **„амбасадор на групата“ .**

Тој ја презема одговорноста да го поздрави секој нов член што се приклучува кон групата, гарантира дека сите членови ќе разберат како тие можат да учествуваат во активностите на групата и дава дополнителна поддршка и насоки на секој ученик што има потреба.

„Амбасадорот на групата“ треба да биде обучен да препознае кога некој ученик може да има потреба од помош и како да обезбеди помош или поддршка на ненаметлив начин

- *Поставување правила*

При организирањето на наставниот процес и учењето, на учениците им се потребни помош и поддршка, но пред сè, и **јасен систем на правила, постапки и очекувања** според кои ученикот ќе постигнува напредок во учењето. Правилата треба да бидат едноставни, јасни, лесно да се памтат, но и да се достапни за потсетување. Добро е пред да се воспостават правилата, наставниците да се договорат околу нивната содржина и сите наставници од предметна настава да упатуваат на истите правила, затоа што за учениците, особено за учениците со посебни потреби, може да биде збунувачки доколку секој наставник упатува на посебни правила. Воспоставувањето систем на правила овозможува регулирање на

однесувањето, насочување на вниманието на процесот на учење и поуспешно вклучување во активностите.

- *Редовно следење на постигнувањата на учениците*

Редовното, секојдневно следење на постигнувањата на ученикот со посебни потреби и на сите промени што се случуваат во неговото однесување овозможува навремено реагирање кога забележуваме дека отсуствува напредок, при што доколку забележиме дека ученикот греши, неопходно е стрпливо, постапно и јасно да му се објасни во што е проблемот и притоа да се води и да се поттикнува самиот да дојде до решение. За секој успех, кој често ќе се случува и во многу мали чекори, ученикот треба да се пофали, особено за вложениот труд, затоа што пофалбата може силно да мотивира.



# 5. Развивање социјални вештини и морални и етички вредности кај учениците

*Разликите не се тие што нè раздвојуваат. Неспособноста да ја препознаеме, да ја прифатиме и да ја славиме различноста е она што нè раздвојува*[9]

*Одри Лорд*

Децата со посебни потреби почесто од своите врсници отстапуваат од вообичаено прифатените социјални правила, па ним им е потребна помош при развојот на социјалните вештини. Стекнувањето на социјалните вештини им помага на учениците со посебни потреби полесно да се вклучат и да се снајдат во училишниот и воопшто во секојдневниот живот. Кога зборуваме за инклузија, развивањето на социјалните вештини треба да се одвива низ активности со и за сите ученици, при што сите ќе учат како меѓусебно да се прифаќаат и да си помагаат, како да ги почитуваат различностите, како да комуницираат и ненасилно да ги решаваат конфликтите. На тој начин ќе биде овозможено преку меѓуврсничка соработка сите ученици, покрај социјалните вештини, да ги стекнуваат и основните морални и етички вредности, со што никој нема да се чувствува отфрлен или исклучен, без оглед на својата различност. Секако, наставникот треба да биде модел според кој учениците ќе ги развиваат социјалните вештини, како и моралните и етичките вредности. *Од начинот на кој наставникот ќе го прифати ученикот со посебни потреби и ќе му даде поддршка ќе зависи и начинот на кој другите ученици ќе се однесуваат кон него.* Ги препорачуваме следниве пристапи кон развивањето на социјалните вештини и градењето морални и етички вредности кај учениците:

- *Поттикнувајте ги кај учениците вештините на комуникација*

За да им помогнете на учениците да ги подобрат своите комуникациски вештини, инсистирајте на вербална комуникација базирана врз почитување и разбирање, особено преку својот пример за комуницирање. Објаснете им дека и со јачината на тонот и интонацијата на гласот, говорот на телото, контактот со погледот и изразот на лицето исто така праќаме пораки. Вклучувајте ги сите ученици во активности каде што мора да комуницираат меѓу себе, со што ќе биде овозможено воспоставувањето врски и релации, а воедно и ќе биде збогатуван вокабуларот.

- *Научете ги учениците на вештини на активно слушање*

Често меѓу учениците доаѓа до конфликт поради тоа што не слушнале добро или не разбрале добро што им кажал другиот. Затоа е важно учениците да бидат упатени во тоа што значи активно слушање и како тоа се разликува од вообичаеното слушање. Активното слушање, особено во конфликтни ситуации меѓу учениците, овозможува да се утврди што мислат и што чувствуваат оние што се вклучени во конфликтот. На тој начин проблемот се согледува подобро, од сите страни и полесно се решава.

9 It is not our differences that divide us. It is our inability to recognize, accept, and celebrate those differences. Audre Lorde

- *Помогнете им на учениците да покажуваат љубезност и емпатија кон другите*

Емпатијата претставува способност да се разберат туѓите и сопствените чувства, мисли и однесувања, особено во интерперсоналните ситуации, и да се манифестира однесување што се базира врз таквото разбирање. Разбирањето на туѓите чувства и согледувањето на проблемот од различни перспективи овозможува подобро разбирање меѓу луѓето, а со тоа и можност за ненасилно решавање на конфликтни ситуации.

Емпатијата е вештина што се стекнува и се развива преку секојдневно вежбање низ разни животни ситуации. Затоа, битно е на учениците да им ја објасните важноста од добрите зборови и дела и да ги охрабрувате да ги употребуваат. Искрената пофалба може да направи другата личност да се чувствува добро, но и самата личност да стане пољубезна. Разговарајте со учениците за тоа како тие се чувствувале кога некој нив ги пофалил, но и како се чувствувале кога им биле упатени лоши зборови и пораки или за ситуациите кога се чувствувале вознемирено. Повод за вакви разговори можат да бидат и содржини на филмови, книги или театарски претстави што се предвидени да се обработуваат со наставните програми.

- *Помогнете им на учениците да развијат вештини за ненасилно решавање конфликти*

Учениците треба да ги научиме дека поради различните интереси, не мора едни со други да се напаѓаат, да се загрозуваат, да се изолираат и слично и дека најдобар начин при решавањето на конфликтите е оној каде што не се напаѓаме едни со други, туку заедно го напаѓаме проблемот. Според Ајдуковиќ и Печник[10], вештините за конструктивно и ненасилно решавање на конфликтите се базираат врз усвојување и меѓусебно интегрирање на специфични социјални вештини, меѓу кои треба да се издвои емпатијата и активното слушање.

Секојдневно, низ наставата, во текот на игра или во текот на други активности покажувајте им дека конфликтот може да се реши на конструктивен начин и разговарајте за добрата страна на мирното решавање на конфликтите.

- *Научете ги на вештини за совладување на лутината и бесот*

Децата тешко можат да ги контролираат своите чувства, особено тогаш кога нешто не е така како што тие сакаат. Покажете им на учениците дека постојат разни начини за справување со бесот и со другите непријатни чувства. Научете ги на основните техники на смирување, како што се длабоко дишење или броење до десет. Бидете секогаш во училиштето достапни за своите ученици, особено тогаш кога им треба помош да се справат со непријатните чувства.

- *Поттикнувајте соработка и пријателство*

За да поттикнуваме соработка меѓу учениците, треба да ги научиме да препознаваат кога на некого му е потребна помош и да наоѓаат начини на кои можат некому да му помогнат. Соработката овозможува развивање емпатија кај оној ученик што е во ситуација да помага, таа овозможува учениците да развиваат подобар и потолерантен однос едни кон други. Соработувајќи, учениците добиваат можност да ги согледаат своите сличности и различности, да ги споделуваат своите искуства, да ги разберат своите и туѓите потреби, а во групните активности да учествуваат и заедно да работат повеќе ученици, со што е овозможена интензивна интеракција.

- *Поучувајте ги учениците за толеранција кон различностите*

10 Ајдуковиќ М., Печник Н., (1993), Ненасилно рјешавање сукоба. Алинеа-Загреб.

Според УНЕСКО, „толеранцијата претставува почитување, прифаќање и уважување на богатството на различности во нашите светски култури, наша форма на изразување и начин да бидеме луѓе“ (Толеранција, 2008)[11]. Децата често негативно ги етикетираат и ги отфрлаат врсниците што се разликуваат од нив или мислат поинаку од нив. Најчести отфрлања доживуваат децата со посебни потреби. Поради тоа е потребно учениците да се поучуваат за толеранција кон различностите, со што ќе се овозможи и поуспешна инклузија на учениците со посебни потреби во училиштата.

- *Јакнете ја самодовербата кај учениците*

Самодовербата или верувањето во своите способности кај децата најчесто се развива во согласност со повратните информации што тие ги добиваат од своите родители, наставници, врсници. Затоа, на учениците треба да им овозможиме средина во која нивната самодоверба ќе јакне, односно да овозможиме поттикнување на нивните способности, практикување пристап и комуникација што ќе се базираат врз почитување на нивната личност, добивање повратни информации во кои ќе биде препознаено она што добро го прават и за тоа ќе добиваат пофалба, како и насочување кон начините на кои можат да постигнуваат повеќе, како во учењето, така и во нивното однесување.

Она што треба да се избегнува и што води кон ниска самодоверба, особено кај учениците со посебни потреби, е постојаното критикување, игнорирањето, запоставувањето, комуникацијата со висок тон, како и очекувањата ученикот да постигнува како другите ученици.

- *Поучувајте ги учениците на ненасилно однесување и секогаш реагирајте кога ќе забележите насилно однесување.*

Се случува учениците со посебни образовни потреби да бидат предмет на насилно однесување од страна на своите соученици во која било форма. Еден сегмент од градењето инклузивна клима во училницата е учениците да научат да препознаваат разни форми на насилно однесување, да разберат зошто ваквото однесување е несоодветно, да научат како да постапуваат во случај кога ќе забележат насилно однесување, но и да научат како да се однесуваат кон другите, особено кон оние на кои им е потребна помош.



11 Толеранција, 2008

# 6. Препораки за наставниците што работат со ученици со посебни образовни потреби

*Ако детето не може да учи на начинот на кој ние предаваме, можеби треба да подучуваме на начинот на кој детето може да научи*[12]

*Игнацио Естрада*

- ✓ Соработувајте со другите членови на инклузивниот тим.
- ✓ Со членовите на инклузивниот тим разјаснете ги очекувањата што ги имате за ученикот со посебни потреби.
- ✓ Комуницирајте со други наставници што имаат искуство во работата со ученици со посебни потреби. Нивниот совет може да ви биде од голема помош и поддршка во дадена ситуација.
- ✓ Вие сте модел за вашите ученици, тие учат од вашето однесување. Затоа бидете смирени, трпеливи, љубезни, покажувајте емпатија, практикувајте комуникација што се базира врз почит и разбирање.
- ✓ Често охрабрувајте ги и пофалувајте ги учениците.
- ✓ Обезбедете пријатна атмосфера за работа на часот.
- ✓ Бидете флексибилни во однос на училишните правила, отсуствата од училиште и казните.
- ✓ Бидете подготвени на промените во однесувањето што ученикот може да ги манифестира во текот на часот.
- ✓ Идентификувајте ги, предвидувајте ги и имајте стратегија за справување со ситуациите што можат да предизвикаат промени во расположението и фрустрации кај ученикот.
- ✓ Планирајте постепено вклучување во наставата и училишните активности, особено кога ученик подолго време отсуствувал поради болест.
- ✓ Секогаш трудете се задачите и активностите да ги приспособите соодветно кон потребите, можностите и способностите на ученикот.
- ✓ Информациите споделувајте ги на различни начини.
- ✓ Употребувајте кратки, јасни и разбирливи реченици во секојдневниот говор.
- ✓ Бидете прецизни и јасни кога давате насоки за часот. Давајте насоки на јазик што ученикот ќе може да го разбере. Кога е потребно, користете визуелни знаци (практични демонстрации и модели, објекти, слики) за да му помогнете на ученикот подобро да ги разбере дадените насоки.
- ✓ Оставете им доволно време на учениците да се подготват за прашањата за кои ќе се разговара на часот.

12 If a child can't learn the way we teach, maybe we should teach the way they learn, Ignacio Estrada

- ✓ Работете на подобрување на вештините на учениците.
- ✓ Обезбедете доволно време за учениците што имаат тешкотии во вербалното изразување.
- ✓ Избегнувајте да ги довршувате речениците наместо ученикот што не може да се изрази.
- ✓ Редовно следете го напредокот на ученикот и давајте му конструктивна повратна информација за она што го работел. Водете го ученикот преку прашања низ неговата изведба за да видите колку го разбира она што го учи.
- ✓ Поттикнувајте ги учениците да си ги проверуваат своите одговори.
- ✓ Побарајте информации на интернет. На располагање ви се безброј страни со совети, искуства, методи и техники за работа, како и работни листови што може да ги употребите за реализирање на содржините на часот.

http://www.openthewindows.org/sites/default/files/ulogata_na_asistivnata_tehnologija_-_mk.pdf
http://sojuznadefektolozi.org/website/images/magazine/spisanie.br.04.pdf
http://faktor.mk/inkluzija-i-iluzija
http://www.dajtenikrilja.mk/content/pdf/elektronsko%20izdanie%20izlez.pdf



# 7. Соработка со родителите

*Не би те менувала тебе за ништо на светот,*
*но ќе го сменам светот за тебе*[13]

*Родител на дете со посебни потреби*

Кога наставникот ќе детектира развојна тешкотија кај некој ученик, тој треба заедно со инклузивниот тим на училиштето да реши што да направи со своите сомнежи. Најчесто и самите родители се свесни дека детето има тешкотија. Фактот дека треба да му соопштите на родителот дека се сомневате оти нивното дете има тешкотија е исклучително тежок, но имајте на ум дека секогаш на прво место се ДЕЦАТА и нивните потреби.

Родителите се најважниот фактор во развојот на детето со посебни потреби. Соочувањето со фактот дека детето има тешкотии е многу тешко искуство за родителите, но и за целото семејство. Нивните планови и сништа се срушени, веќе не постои нивното ***идеално дете.*** За да можат и самите да му помогнат на своето дете, тие мора да ја поминат фазата на жалење (Kubler Ross, 1969.)[14]:

- негирање (на моето дете не му е ништо)
- бес (тоа сигурно е грешка на лекарот или на наставникот),
- преговарање (можеби на детето ќе му биде подобро ако ја смениме исхраната и даваме суплементи, па потоа да видиме кои стручњаци ќе можат да помогнат),
- депресија (се смалуваат социјалните кругови, семејството се изолира, понекогаш бракот влегува во криза, сопружниците се обвинуваат еден со друг за состојбата на детето, може да се случи едниот родител да се посветува само на обезбедување финансиски средства или во целост да го напушти семејството) и
- прифаќање (започнува размислување како најмногу да му се помогне на детето, кои експерти да се консултираат, дали треба да оди на терапии, дали треба дополнително да се ангажира логопед, дефектолог, физиотерапевт, родителите конечно стануваат партнери на целиот тим што е потребен и ги слушаат советите).

## 7.1. Начин на комуникација со родителите

Дебра Мартел (Debra Martell), (SpeciaLink, zima 1996.)[15] забележува дека во работата и контактите со родителите треба да се внимава на две работи: „секогаш претпоставувајте дека родителот знае сè за своето дете и за неговите потреби“ и „претпоставувајте дека родителот не знае ама баш ништо за своето дете и за неговите потреби“.

Како наставник, не можете секогаш да знаете во која од горенаведените фази се наоѓаат родителите или родителот и какви се нивните капацитети да се соочат со тешкотиите кај своето дете и да му помогнат.

13 „I wouldn’t change You for the world, but I would change the world for you“, Unknown parent of child with special needs.
14 https://en.wikipedia.org/wiki/K%C3%BCbler-Ross_model
15 http://www.cccns.org/pdf/journal_nov98.pdf

Битно е да се трудите да ги разберете чувствата на родителите, да изградите позитивен начин на комуникација и да заземете проактивен пристап. Така родителите подобро ќе ги разберат потребите на своето дете и ќе бидат информирани при донесувањето одлуки врзани за него. Првото обезбедува почитување, а второто информации што се неопходни за да се донесе исправна одлука поврзана со ученикот со посебни потреби.[16]

Имајте на ум дека во најголем број случаи родителите би направиле сè за своето дете, но потребни им се вистински партнери во образованието, здравјето и секојдневниот живот. Образованието на ученикот со посебни потреби е од исклучителна важност за ученикот, без оглед на попреченоста со која се соочува. Затоа, кога воспоставувате контакт со родителите, внимавајте на следново:

- На родителот пристапете му **природно** и **човечки**, а не студено и службено. Ако сте вие родител на дете со типичен развој, помислете колку вам ви е важно да имате наставник што внимава и се труди со вашето дете.
- **Бидете јасни, прецизни и зборувајте едноставно** затоа што постои можност дури и најобразованите родителите да не разберат што точно им објаснувате, бидејќи тие и онака се возбудени кога некој зборува за нивното дете.
- **Слушајте внимателно** – секогаш кога родителот има нешто да ви каже, сослушајте го со вистинско внимание, затоа што на тој начин добивате драгоцени информации за ученикот, но и покажувате почит кон родителот.
- **Не давајте решение** на изнесен проблем, ОСОБЕНО НЕ ВЕДНАШ, консултирајте се најпрвин со тимот или со наставник што имал сличен проблем.

Секогаш најпрвин зборувајте за **постигнатото** на ученикот, **пофалете го** пред родителите. Тешкотиите што сте ги воочиле изнесете ги потоа и насочете го разговорот кон заедничко барање пристап што ќе му овозможи напредок на ученикот. На тој начин овозможувате добивање доверба и партнерство со родителите. Меѓусебната доверба ќе придонесе во слободната размена на информации меѓу вас и родителите и ќе го олесни процесот на учење.

- **Грижете се вистински за ученикот.** Искрената грижа е директен пат до добро изграден контакт и меѓусебна доверба. Своите забелешки секогаш проследете ги до родителот. Можеби се важни за неговата здравствена состојба.

## 7.2. Информации што ќе ги побараме од родителите

Со родителите на ученикот со посебни образовни потреби разговарајте за ученикот и обезбедете информации за неговата физичка, здравствена состојба, емотивниот развој, социјалната состојба на семејството, капацитетите на семејството за давање поддршка, како и за сите аспекти на неговата попреченост. Драгоцени се информациите, кои задолжително треба да ги побарате, а се однесуваат на силните страни и интересите на ученикот, затоа што овие сознанија ќе ви помогнат во планирањето на најдобриот и најсоодветниот приод за работа токму со тој ученик. Притоа е добро да внимавате на неколку битни работи:

- Кога зборувате за здравствената состојба, имајте на ум дека <u>вие не сте медицинско лице,</u> но секако е важно да можете да препознаете некои можни ситуации што бараат итна интервенција.
- Кога зборувате за емотивниот развој, секако информирајте се за сето она <u>што го радува или го плаши ученикот,</u> што е она што го вознемирува, а <u>што она што го смиру-</u>

16 file:///C:/Users/pc/Desktop/5460fe14bb195_06Vodickrozinkluzijuuobrazovanju.pdf

ва, како детето се перципира себеси, дали смета дека е „посебно", помалку вредно, дали претходно доживеало некаква дискриминација или неуспех.

- Кога зборувате за социјалниот развој, информирајте се дали ученикот веќе има остварено контакти со соучениците, дали постои некој ученик со кој особено добро се сложува, дали веќе постоеле проблеми во социјалната интеракција со соучениците.
- Кога зборувате за социјалната состојба на семејство, внимавајте да не поставувате премногу лични прашања (колку заработуваат родителите, дали се сложуваат сопружниците, и слично).
- Кога зборувате за неговите интереси и таленти, слушајте многу внимателно – тоа се информациите што постојано можете да ги користите.

## 7.3. Информации што ќе им ги даваме на родителите

Квалитетна комуникација и соработка со родителите на ученик со посебни образовни потреби секако подразбира заемна размена на информации, што всушност значи дека родителите постојано треба да бидат информирани за напредокот на нивното дете. Информациите што се очекува да ги добијат родителите не би требало да се однесуваат само на постигнувањата при совладувањето на наставниот материјал, туку и на севкупната состојба на ученикот во одредени периоди, односно промените што се забележуваат во поглед на развојот на функционалностите, начинот на однесување, вклучувањето во активности, контактите со другите, комуникацијата и слично.

Затоа е важно да го забележувате и да го соопштувате напредокот на детето, дури и кога тоа се случува во многу мали чекори, да зборувате и за ситуации во кои ученикот одреагирал соодветно и позитивно, за начинот на кој се вклучува и учествува во наставата. Секако, на родителите треба да им посочите каде ученикот сè уште има тешкотии, да предложите што би можело да се направи за тоа да се надмине и заедно да решите на кој начин ќе продолжите понатаму.

Направете ги родителите ваши партнери во образованието на ученикот

Постојано имајте на ум дека од родителите можете да научите многу, не само за нивното дете туку и за други деца со посебни потреби, и да споделите информации што можеби нема да може да ги најдете во ниту една литература.

ЗАПОМНЕТЕ: Многу родители на деца со посебни образовни потреби се дел од мрежата на родители со кои постојано разменуваат искуства. Тие се извор на многу информации

Доколку имате некој проблем или ви требаат дополнителни информации и совети како да постапите во одредени ситуации, контактирајте го и **Ресурсниот центар на деца со посебни потреби** (www.resursencentar.mk), каде што можете да добиете совет, медијација или помош.

# 8. Подготовка на учениците со посебни образовни потреби за средно образование и изнаоѓање соодветни насоки за продолжувањето на образованието

*Нашата попреченост не е она што е важно, нашите способности се она што е важно*[17]

*Крис Бурк, актер со Даунов синдром*

И додека деветгодишното основно образование е период кога учениците (без оглед на тоа дали се со посебни потреби или со типичен развој) ги добиваат основите на образованието и претставува прв чекор, средното образование е вистинското насочување кон вистинскиот живот. Откривањето на интересите, препознавање на силните страни на сите ученици, а особено на учениците со посебни потреби е од исклучителна важност за изборот што ќе го направат при запишувањето во средно училиште.

Затоа, стручната служба и наставничкиот кадар во периодот од шесто до деветто одделение треба да обрнат посебно внимание на препознавањето на силните страни и интересите на учениците со посебни потреби, како и на развивањето и јакнењето на функционалностите што се поврзани со нив, за да можат да ги насочат кон соодветното средно образование и нов премин, од поголем размер со нови предизвици, што не се предмет на овој прирачник.



17 *It's not our disabilities, it's our abilities that count,* Chris Burke

# 9. Позитивни примери од премин меѓу петто и шесто одделение[18]

*„Понекогаш работите што не можеме да ги промениме нè менуваат нас самите“*[19]

*Непознат автор*

**Мартин**

Како наставничка по англиски јазик, и тоа приправник, првпат дојдов во контакт со Мартин, седумгодишно дете со прекрасни сини очи и љубопитен палав поглед – момче со нарушувања од аутистички спектар – состојба што секако бараше посебен пристап во учењето и многу внимание и од неговата одделенска наставничка и од мене како наставник по англиски јазик. Најнапред, во разговор со мајката се информиравме за сите суштински работи во врска со него. Мартин не зборуваше многу, му беше потребна опуштена и мирна атмосфера, а во однос на учењето, дознавме дека многу подобро учи визуелно.

Најпрвин се погриживме соучениците на Мартин да разберат дека Мартин има потреба од поинаков пристап и поголема толеранција. Се договоривме дека токму тие ќе помагаат во создавање на пријатна атмосфера на часовите за тој да се почувствува убаво на училиште. Ги поттикнувавме соучениците да другаруваат со него, да му помагаат и секако да не се лутат кога понекогаш, без прашање, ќе позајмеше нечиј училиштен прибор.

Работејќи постојано на откривање на начинот на кој најдобро и најлесно Мартин може да ги совлада содржините, со мајка му дојдовме до метод што се покажа како исклучително успешен. Преку визуелни помагала Мартин полека усвојуваше вокабулар и граматички структури на англиски јазик. Почна да препознава слики, поими, реченични структури и правилен зборовред. Мајката постојано го придружуваше Мартин и со својата позитивна енергија придонесуваше кон создавање весела и пријатна атмосфера. Таа често носеше исечени сликички од списанија и книги за предвидениот вокабулар за да можеме визуелно да му го претставиме. Тие исечоци од слики, а и зборови и цели структури придонесоа тој полесно да го совладува материјалот по англиски јазик.

Клучна улога во остварувањето успех во учењето и совладувањето на градивото одигра ***беспрекорната соработка со мајката***. Постојано разговаравме за неговите <u>силни страни</u> и <u>начините на кои тој најлесно може да совлада нов материјал</u> и тие

18 Имињата на децата од трите случаи на позитивна практика се измислени.
19 *Sometimes the things we can't change end up changing us, Unknown*

сознанија од родителот ги искористив при планирањето на часовите. На крајот од секоја седмица со мајката разговаравме за материјалот за следната за да може и дома да работи со него, а добивав и сугестии кој е најдобриот начин за проверка на наученото – тој да се чувствува пријатно, но и да го даде својот максимум.

Кон средината на петтото одделение, како родител чија процена на потребите на нејзиниот син беше исклучителна и правилна, во договор со наставниците мајката почна повремено да го остава Мартин сам на училиште со цел постепено кај него да го развие чувството на самостојност и одговорност.

Кога Мартин премина од одделенска во предметна настава, неговата нова наставничка по англиски, но и другите негови наставници го усвоија истиот метод на работа и успеаја да постигнат исклучителен напредок во усвојувањето на содржините, што кај предметот англиски јазик резултираше со големо збогатување на фондот на зборови, составување цели и граматички точни реченици по англиски.

Иако понекогаш беше тешко, иако честопати не бев сигурна дали тоа што го правам е најдобриот начин – кога ќе се сетам на Мартин, пред очите ми излегува сликата на неговите сини очи, но и насмевката на мајка му кога Мартин успешно го заврши основното образование – и тогаш навистина се чувствувам како НАСТАВНИК

Наставник по англиски јазик

**Стефани**

Пред неколку години моја ученичка беше Стефани, која имаше оштетување на слухот и беше многу чувствителна во однос на тоа прашање, особено кога ќе се случеше да не разбере одредени упатства. Таа можеше да чита од усни и на тој начин успеваше да го разбере градивото од часот.

Од тие причини, утврдивме дека е најдобро Стефани да седи во прва клупа до ученичка што беше исклучително солидарна и трпелива за да ѝ доразјаснува доколку се случи да не разбере нешто докрај. Се трудев секогаш да зборувам полека и јасно и да стојам исправено пред неа за да може делумно да ме чуе, но и да ги протолкува движењата што ги правев со устата. Секако, проверките во најголема мера беа преку писмено изразување, а на наставните ливчиња и тестови секогаш инструкциите беа исцрпни и разбирливи. Стефани беше упорна и вредна ученичка, па одлично го совладуваше материјалот и убаво се вклопи во одделението. Со секоја наредна одлична оценка Стефани стануваше сѐ позадоволна и со сѐ поголема самодоверба.

Родителите беа свесни дека поради оштетувањето на слухот, Стефани се соочува со тешкотии при совладување на материјалот, но нашиот пријателскиот однос и нивниот оптимизмот придонесоа да се создаде плодна соработка. Свесни дека и ние како наставници и тие како родители имаме една заедничка цел, ми оставија простор да изнајдам соодветни методи за нивната ќерка, но и ме поттикнуваа постојано да им се обраќам за совет или за помош доколку има потреба.

Соработката со РОДИТЕЛИТЕ, но и со другите НАСТАВНИЦИ беа клучни за напредокот на Стефани не само од аспект на усвојување на знаења и вештини туку и од аспект на работа на нејзината самодоверба и задоволство – фактор од кој многу зависи успехот на секој ученик.

Одделенски наставник

## Анастазија

Една од можните тешкотии со кои можат да се соочат учениците во образовниот процес е проблемот со крупната и фината моторика. Нарушувањата во моториката се одразуваат врз различни аспекти на училишниот живот за тие ученици. Во конкретниов случај, Анастазија имаше тешкотии при движењето, како и во однос на држењето на приборот за работа, стисокот, прецизноста при работа, разбирливоста на ракописот и сл.

Кога Анастазија дојде во прво одделение, на нејзиното одделение му беше доделена училницата на првиот кат за да се избегне качувањето по скали и носењето на тешкиот ранец, а училницата беше во близина на тоалетите од практични причини. Во однос на проверката на знаењата, фокусот беше на усниот начин на проверка.

Кога Анастазија премина од петто во шесто одделение, заедно со инклузивниот тим ги разгледавме сите можности и решивме нејзиното одделение повторно да биде сместено на првиот кат за да се олесни движењето и да се избегнат скалите и метежот од ученици на одморите. Секогаш кога имаше можност, наставниците усно ги проверуваа нејзините знаења, а при писмена проверка во тестовите оставаа поголем физички простор меѓу линиите предвидени за одговор за да може Анастазија да се изрази читливо.

Родителите на Анастазија беа исклучително разбрани родители, совесни, чесни и посветени на унапредувањето на знаењето на својата ќерка. Соработката со наставниците им беше беспрекорна, цивилизирана и насочена кон извлекување на најдоброто за напредокот на својата ќерка. Еден фактор што во голема мера придонесе за високите постигнувања на ученичката беше и фактот што во нејзиното семејство мајката и бабата беа просветни работници со големо искуство, а особено во работата со деца со посебни образовни потреби.

Анастазија напредуваше одлично, а родителите вложија значителни напори да ѝ овозможат различни активности во однос на подобрувањето на моториката, како што се пливање, танц и физикална терапија и вежби.

Со гордост можеме да кажеме дека Анастазија денес е успешна девојка. Родителите, ние наставниците – и УЧИЛИШТЕТО сме дел од тој успех.

Наставник по математика

# 10. Заклучок

*Една од најголемите работи што може да ги направи која било заедница е не да нè учи на толеранција, туку да ја живее толеранцијата, не да зборува за почит, туку да ја живее инклузијата.*[20]

Мајкл Причард

Овој прирачник за наставници е напишан од наставници. Наменет е за вас што сте се определиле да ги образовате **СИТЕ** деца! Вашата професионална и животна определба не подразбира само пренесување знаења, вештини и способности, туку и постојано давање поддршка, љубов и разбирање. Тоа секако подразбира многу работа и препреки, многу учење и дополнителни обуки, многу размислувања и обидувања.

Но кога на крајот на деветтото одделение ќе ги погледнете вашите најразлични ученици: со костенлива или руса коса, високи или ниски, насмеани или сериозни, деца што започнуваат уште повозбудлива приказна наречена средно образование – знајте дека тие ќе ве паметат многу подолго отколку што вие ќе се сеќавате на нив, дека за некое дете токму **ВИЕ** ќе бидете клучниот фактор што ја одредил нивната успешна животна приказна и кој помогнал нивниот потенцијал да биде препознаен и развиен.

**Токму тоа нека биде поттикот да бидете подобри, покреативни, потолерантни, позагрижени – НАСТАВНИЦИ во вистинска смисла на зборот!**

20 „One of the great things that any community can do is not teach tolerance, but live tolerance, not talk respect, but live inclusivity.", Michael Pritchard



РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби